Услови и правила

Кампањата ("Кампања") за Заштита на екранот (Screen Protection) во времетрење од 12 месеци е обезбедена од HUAWEI Technologies Makedonija DOOEL Skopje ("HUAWEI") и се однесува на клиенти на одбрани модели (HUAWEI nova 9 и HUAWEI nova 8i), кои го регистрирале својот HUAWEI ID пред 21 октомври 2021 година. Оваа кампања ќе се одржи од 21 октомври 2021 до 31 декември 2021 година ("Период на кампања").

Кој може да учествува?

Кампањата е отворена за потрошувачи со одбрани модели (HUAWEI nova 9 и HUAWEI nova 8i), кои го регистрирале својот HUAWEI ID пред 21 октомври 2021 година и се на возраст над 18 години.

Област на кампањата： Северна Македонија

Понуда：Бесплатна заштита на екранот во времетраење од 12 месеци

1. **Применливост на 12-месечната заштита на екранот**

   Во периодот на кампањата, крајните потрошувачи на одбрани модели (HUAWEI nova 9 и HUAWEI nova 8i) кои го регистрирале својот HUAWEI ID пред 21 октомври 2021 година, можат бесплатно да добијат 12-месечна заштита на екранот за нивните паметни телефони.

   Крајните потрошувачи мора да ја отворат апликацијата "My HUAWEI" и да се најават преку нивниот HUAWEI ID во рок од триесет (30) календарски дена по активирањето на уредот, со цел успешно да ја побараат понудата.

   Информациите за понудата ќе се ажурираат за седум (7) работни дена од денот на успешното побарување во системот. Крајниот потрошувач може да го провери статусот на заштита на екранот преку апликацијата "My HUAWEI", отворената линија за повици или официјалната веб-страница на Huawei.

2. **Производи за кои е наменета кампањата**

   Оваа 12-месечна заштита на екранот се однесува на одбрани модели, односно на HUAWEI nova 9 и HUAWEI nova 8i. Паметните телефони мора да се купат во Северна Македонија, кај овластен дистрибутер (не половни/обновени уреди, не преку приватна продажба, и не преку аукциски платформи).

3. **Предности од заштитата на екраните**

   Од 21 октомври 2021 година до 31 декември 2021 година, подобните крајни потрошувачи со паметни телефони HUAWEI nova 9 и HUAWEI nova 8i кои успешно ја активирале понудата, може да добијат 12-месечна заштита на екранот за нивниот уред.

   Придобивките од заштитата на екранот, почнувајќи од датумот кога

корисникот успешно ја активирал понудата во апликацијата “My HUAWEI”, ќе продолжат да важат во следните 365 календарски дена (“Ефективен период”).

За време на ефективниот период на заштита на екранот, ако екранот на паметниот телефон е скршен поради несреќа (удар/пад/натискање), оригиналниот склоп на екранот може да се замени бесплатно еднаш, без дополнителни трошоци.

*Ако паметните телефони се потопени, свиткани, деформирани, расклопени или поправени или имаат неколку гребнатини, 12-месечната заштита на екранот нема да ги покрие трошоците.

4. Место на користење на 12-месечната заштита на екранот

Кампањата е достапна во подолу наведените овластени сервисни центри на Huawei.

Град	*Адреса*
Скопје	*Бул. Борис Трајковски 72, 1000 Скопје*

<u>Важни забелешки</u>

1. Сите материјали на веб-страницата на HUAWEI се заштитени со законите за авторски права на секоја земја низ целиот свет. Со исклучок на дозволени случаи во писмена форма, забрането е користење на било каков материјал (вклучувајќи дуплирање, модификација, поставување, презентација, пренос, дистрибуција, лиценцирање, продажба и објавување) според законите за авторски права, освен за некомерцијални и лични цели. Ако сакате да користите какви било материјали од официјалната веб-страница на HUAWEI, треба да добиете претходна согласност од HUAWEI.
2. Иако HUAWEI ќе користи разумни напори да вклучи точни и ажурирани информации на своите веб-страници, HUAWEI не дава гаранции или изјави за точноста и веродостојноста во врска со таквите информации и не презема никаква одговорност за какви било пропусти или грешки (вклучувајќи, без ограничување, печатни грешки и технички грешки) во содржината.